ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 03.05.2011

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## Примена на европската картичка за здравствено осигурување во Република Македонија ,за осигурените лица на Кралството Белгија

Во насока на континуиранaта и добрата соработка меѓу Република Македонија и Кралството Белгија на 12 и 13 Април 2011 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Кралството Белгија го потпишаа **Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување(EHIC) на територија на Република Македонија** ,кој ќе стапи во сила на **1 јули 2011** .Врз основа на овој договор осигурените лица на Белгија ќе можат да користат итни и неопходни здравствени услуги во сите јавни и приватни здравствени установи кои имаат склучено Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

**Европската картичка за здравствено осигурување (European Helth Incurance card,EHIC)** во земјите на Европската Унија се воведе во Јуни 2004 како документ кој го замени образецот за привремен престој Е 111.

Целта на оваа инцијатива е да се зајакне мобилноста на населението во ЕУ, како и во земјите кои не се членки на ЕУ, со потпишување на посебни договори со овие земји.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија има потпишано Договор за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територија на Република Македонија со **Република Словенија ,Чешката Република,Сојузна Република Германија ,Република Бугарија ,Големото Војводство Луксембург и Кралството Холандија .**

Фондот за здравствено осигурување на Македонија достави инцијатива до другите земји на Европската унија за потпишување на Договор за примена на европската картичка за здравствено осигурување на територија на Република Македонија со цел за приближување на Македонија Кон Европската унија и стремежот да стане дел на Европското семејство. До сега инцијативата за потпишување на договорот за ЕКЗО е прифатена од Република Унгарија.

Фонд за здравствено Осигурување на Македонија
Сектор за меѓународни договори
Аритон Фида